**ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ**

# Извештај за состојбата во однос на правата и услугите за бездомни лица

~ *Центар за бездомни лица* ~

**Скопје, февруари 2023 година**

## Вовед

Согласно законската надлежност за вршење мониторинг на стручната работа на центрите за социјална работа и установите за социјална заштита, како и програмата за 2023 година, стручен тим од ЈУ Завод за социјални дејности Скопје, во состав: Душанка Петрова-социјален работник и м-р Климентина Спасовска-социолог, спроведе мониторинг на стручната работа по предметите за бездомните лица и семејства, сместени во Центарот за бездомни лица во Чичино Село, како и на Службата за општините Карпош, Ѓорче Петров и Сарај, односно на стручниот тим, кој работи со бездомните лица и семејства, сместени во установата.

Мониторингот со физичка посета на Службата за општините Карпош, Ѓорче Петров и Сарај при ЈУ МЦСР на град Скопје и Центарот за бездомни лица се одвиваше на 17 јануари, 2023 година, и во таа прилика се спроведе интервју со примена на структуриран прашалник на стручните работници од Службата, како и на одговорното лице за Центарот за бездомни лица во Чичино Село. Дополнително, се оствари средба и разговор со стручни тимови од уште два центри за социјална работа (од Тетово и Куманово), кои исто така имаат сместено корисници во Центарот, од својата општина.

Во рамките на мониторингот, исто така беа разгледувани и досиејата за сите сместени корисници во Центарот за бездомни лица (ЦБЛ), во периодот од 18 – 30 јануари, 2023 година.

Мониторингот на стручната работа се спроведе со цел да се добие увид во состојбата со сместените корисници во ЦБЛ, да се евалуираат нивните социјални статуси, квалитетот на стручната работа што се спроведува со нив, како и можностите за нивно полесно напуштање на објектот, заради нивна социјална реинтеграција, ресоцијализација или пак обезбедување на други видови и форми на услуги во системот на социјална заштита, согласно детектираните социјални статуси, ризици и проблеми.

## 1. Стручна евиденција и документација

Во однос на стручната документација во центарот за социјална работа е увидено дека досиејата ја содржат потребната стручна документација согласно Законот за социјалната заштита и согласно Правилникот за начинот на водење и содржина на евиденцијата за корисниците на правата од социјалната заштита и документацијата за стручната работа (Службен весник на РМ бр.71 од 13.12.2011 година)

За сите сместени корисници од Скопје изработени се сите потребни стручни документи, а во досието од ЦСР Тетово недостасува решение, со кое треба да биде одобрен престојот на четиричленото семејството од Тетово, како и лична документација за едно од децата.

## 2. Служба за општините Карпош, Ѓорче Петров и Сарај при ЈУ МЦСР на град Скопје

### 2.1. Кадар

Во службата,на проблематиката бездомни лица работи четири-член стручен тим, и тоа: психолог, педагог, социјален работник и правник, кои воедно, работат и на други проблематики. За време на мониторингот, се спроведе интервју со психологот, педагогот и социјалниот работник, додека четвртиот член на тимот не беше присутен. Во рамките на посетата, беше исто така спроведено интервју и со раководителката на Службата.

Врз основа на спроведените интервјуа и пополнети прашалници, стручните работници од Службата, во однос на работата со бездомните лица и семејства, се изјаснија за следното:

*Услуги* - Се обезбедува советодавна работа, мотивирање да најдат работа и да се вклучат во општествениот живот.

*Парични права* - Овие права не се обезбедувани, со оглед на тоа што овие корисници се целосно згрижени со обезбеден престој и исхрана и не можат да остварат права од социјална и детска заштита.

*Проблеми и предизвици*– Во однос на ова прашање се изјаснија дека имаат слаба соработка со институциите, особено со Геријатрија, која не ги прима нивните корисници. Кога бездомните лица имаат потреба од лекување (од зависност од дрога, алкохол или на душевно болни лица), соодветните здравствени институции одбиваат да ја обезбедат соодветната помош која им е потребна.

*Соработка со други ЦСР и УСЗ* – Имаат солидна соработка со останатите центри за социјална работа и установи за социјална заштита.

*Соработка со други институции*–со повеќето установи, соработката им е на задоволително ниво (полиција, здравствени установи, НВОи и општини), освен со воспитно-образовните установи, со кои имат одлична соработка.

*Други ресурси* - Со останатите ресурси изјавија дека немаат соработка.

*Сугестии и коментари за унапредување на грижата и заштитата на бездомни лица и семејства*:

- Да се зголеми бројот на стручни работници, техничката опрема и просторните услови во Службата.
- Да се обезбеди објект за сместување, кој ќе ги задоволи условите за нормално живеење.
- Лицата над 65 години да бидат прифатени во установи за сместување на овие лица.

- Лицата што се пријавуваат во АВРМ да имаат предност при вработување.

## 3. Организациона поставеност и законски надлежности на Центарот за бездомни лица

Центарот за бездомни лица претставува организациска единица на ЈУ МЦСР Скопје. Во Службата за општините Карпош, Ѓорче Петров и Сарај, се води евиденцијата за бездомните лица и семејства.

При посетата на Центарот за бездомни лица, се спроведе разговор и интервју со одговорното лице и се добија сознанија за начинот на работа на установата.

Имено, во установата работи едно лице, со звање воспитувач и еден чувар, кои се во работен однос, заснован со ЈУ МЦСР на град Скопје.

За потребите на запазување на безбедноста на објектот и сместените корисници, ангажирана е и агенција зао безбедување, која работи трета смена, додека во кујната е вработено едно лице од страна на фирмата,што ја доставува храната во центарот (Уни Меркант).

Работното време на Центарот за бездомни лица е од 8.00-16.00 часот од понеделник до петок, кујната работи во периодот од 6.30 до 13.00 часот, а во сабота од 7.00- 12.00 часот. Агенцијата за обезбедување работи во периодот од 19.00-07.00 часот. Ова значи дека постои период (од 16.00-19.00) часот кога корисниците не се под стручен надзор и имаат потполна слобода на движење. Согласно Куќниот ред, сите сместени корисници треба да бидат вратени во објектот најдоцна до 22.00 часот во зимски период, односно помеѓу 23.00-24.00 во летниот период.

Од понеделник до петок им се дели топол оброк за доручек и ручек, а ладен оброк за вечера. Во сабота, недела и празници им се дели ладен оброк на корисниците. Некои од производите, кои ги добиваат како ладен оброк ги менуваат за алкохол, цигари и сл. Некои од нив повремено работат физичка работа, за што добиваат хонорар.

Согласно член 83 од Законот за социјална заштита (Сл. Весникна РМбр. 104 од 23.5.2019 год.), услугата привремен престој обезбедува заштита и стручна помош на лица кои се наоѓаат во кризна состојба заради надминување на состојбата и нивна социјална интеграција. Услугата се обезбедува во времетраење до три месеци, со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината до една година.

Согласно Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга за привремен престој и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за привремен престој (Сл. весник на РСМ бр. 91 од 26.4.2021), основната функција на Центарот за бездомници е да им помогне на оваа популација на лица и семејства во социјален ризик, за одреден краток период да добијат соодветни услови за домување и да им се понудат различни форми и содржини на работа, заради нивно оспособување за социјални, животни, хигиенски вештини, вештини за барање

работа и за задржување работно место итн., кои ќе им помогнат во нивната натамошна социјална реинтеграција.

Во согласност со законската формулација, Прифатниот центар за бездомни лица треба да обезбеди услови што ќе бидат привремена замена на домот и ќе ги обезбеди основните функции на домување и тоа:

1) Соодветен простор за престој и запреспивање;
2) Хигиенски услуги;
3) Облека, обувки и храна;
4) Примарназдравственазаштита.

## 4. Локација на објектот и опис на простории

### 4.1. Локација

Центарот за бездомни лица се наоѓа во Чичино Село - општина Сарај, која според територијата на која се наоѓа, спаѓа под месната надлежност на ЈУ МЦСР Скопје, односно на Службата за општините Карпош, Ѓорче Петров и Сарај.

Според пописот од 2021 година, територијата за која оваа Служба има надлежност изнесува околу 401 км$^2$ и има 147,003 жители, или прикажано одделно по општини, изгледа вака:

**Т.1. Приказ на територијата со површина во во км$^2$ и население**

| Општина | Територија во км$^2$ | Население |
|---|---|---|
| Сарај | 229,06 | 38,399 |
| Карпош | 105 | 63,760 |
| Ѓорче Петров | 66,93 | 44,844 |
| **Вкупно** | **400,99 км$^2$** | **147,003** |

### 4.2. Опис на објектот

Бездомните лица и семејства се сместени во барака, која порано имала капацитет за сместување на 155 лица, а сега тој е намален на 30 лица.

Бараката располага со 14 соби, од кои 2 се санитарни чворови (перална и тоалети со бања), една од собите во бараката функционира како Транзитен Центар, а другите соби се користат за сместување на бездомни лица и семејства. Објектот располага и со 3 контејнери (во 1 е сместено семејство, а во другите два се сместени по едно бездомно лице).

За функционирањето на Транзитниот Центар е потпишан меморандум за соработка помеѓу МТСП и Црвен Крст, за згрижување на лица најдени на улица, во текот

на зимскиот период. Во моментот на мониторингот, во него беа сместени 2 возрасни машки лица во подлабока старост, (над 70 години) кои не се во состојба да одржуваат лична хигиена и немаат контрола на сфинктери. Во Транзитниот Центар престојуваат од ноември/декември, 2022 година.

Во истата барака се сместени и останатите бездомни лица (деца и возрасни) и сите користат еден ист тоалет, што претставува голем здравствено-безбедносен ризик.

Во бараките се сместени 2 семејства, во останатите соби се сместени по еден корисник, а само во 1 соба има сместено 2 бездомници.

Во моментот на посетата е евидентирана 1 слободна соба со капацитет од 3 кревети.

Во однос на останатите простории е констатирано дека постои посебна соба за лицето кое е вработено како воспитувач, која не е адекватно опремена со соодветна техничка опрема, односно нема телефон, ниту компјутер поврзан со интернет и печатар.

Затекнатиот компјутер е стар и со оглед на тоа што не е поврзан на интернет, не може да биде функционално користен за непречена работа.

Објектот располага и со кујна и трпезарија. Во кујната се подготвува само топол пијалок и се сервира храната која е приготвувана од друга фирма, а е тука дистрибуирана за корисниците на Центарот за бездомни лица и семејства.

## 5. Бездомни лица и семејства сместени во Центарот за бездомни лица

Центарот за бездомни лица е организациона единица на ЈУ МЦСР на град Скопје и може да згрижува бездомни лица и семејства затекнати како на територијата на град Скопје, така и од други градови во РС Македонија. При спроведениот мониторинг се констатираше дека повеќето од сместените корисници се од Скопје, но имаше и од други општини. Имено, едно полнолетно бездомно лице од женски пол е од Куманово и едно семејство со две малолетни деца е од Тетово.

Во табелата подолу се прикажани основни карактеристики за затекнатите сместени корисници и семејства, а потоа е даден и наративен коментар за нивната општа психо-физичка и здравствена состојба.

**Т 2. Бездомни лица според пол, возраст и ЦСР кој ги испратил:**

| ЦСР кој ги препратил | **Полнолетни** | | **Малолетни** | |
|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| Скопје | 9 | 6 | | 3 |
| Куманово | 0 | 1 | | |
| Тетово | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Транзитна соба | 2 | | | |
| **Вкупно 25** | **12** | **8** | **1** | **4** |

Т. 3.

| Националност | Полнолетни | | Малолетни | |
|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж |
| Македонци | 7 | 5 | | 1 |
| Албанци | | 1 | | |
| Роми | 4 | 1 | 1 | 3 |
| Други | 1 | 1 | | |
| Вкупно: 25 | 12 | 8 | 1 | 4 |

**Бездомни лица по националност:**

### 5.1. Здравствена состојба

Сите сместени корисници имаат примарна здравствена заштита (со матични лекари во општините Сарај и Ѓорче Петров).

Дел од корисниците имаат психосоматски и психијатриски проблеми како и проблеми со зависност (дрога и алкохол), стари лица со нарушена општа здравствена состојба и за сите нив се прават напори за сместување во соодветни институции од социјална и здравствена заштита, но до моментот на спроведување на мониторингот не е добиен позитивен одговор од тие институции.

### 5.2. Времетраење на престој

Согласно Законот за социјалната заштита и правилникот, услугата за привремен престој се обезбедува во времетраење до три месеци, со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината до еднагодина.

Од увидот во досиејата за сите бездомни лица се констатира дека сите сместени корисници го имаат надминато законското времетраење на престојот, кој се движи од 1-17 години.

Во табелата е даден приказ на сместените бездомни лица според пол, возраст и времетраење на престој.

Т 4. Табела со приказ на <u>пол,возраст и времетраење на престојот</u> на бездомните лица / семејства

| Карактеристики на бездомното лице / семејство | Возраст | Години на престој |
|---|---|---|
| **Полнолетни лица од женски пол** | | |
| БМ | 76 | 16 |
| СН | 48 | 12 |
| ЕИ | 65 | 3 |
| А.Д. | 51 | 1 |
| И.Г. | 57 | 16 |
| **Полнолетни лица од машки пол** | | |
| МП | 41 | 7 |
| ЗС | 63 | 17 |
| ХМ | 46 | 5 |
| С.С. | 70 | 9 |
| Г.Г. | 71 | 5 |
| М.А. | 68 | 1 |
| М.Б. | 47 | 2 |
| Транз. Центар - НН | Над 70 г. | 4 месеци |
| Транз. Центар - НН | Над 70 г. | 3 месеци |

| **Бездомни семејства** | **Возрасни групи** | | | | **Должина на престој** |
|---|---|---|---|---|---|
| | 0-6 | 7-18 | 19-40 | 41-62 | |
| Носител на семејството: <u>СК,</u>има една ќерка, родена 2016 г.Вонбрачен сопруг: ЕМ | | 7 | СК:44 ЕМ:43 | | 6 |
| Носител на семејството: **Л.А.** (2 деца близнаци), Вонбрачно живее со Ц.А. (немаме возраст) | | 2 x 12 | | ЛА:49 | 2 |
| БА-од **<u>Тетово</u>** **<u>2 деца</u>** Вонбрачно живее со ФА (немаме возраст) | 1 и 3 г. | | 25 | | 3 г. |

## 6. Заклучни согледувања

Врз основа на спроведениот мониторинг, увидот во досиејата за сите сместени корисници, како и од разговорот со стручните работници од месно-надлежните ЦСР се утврди следното:

- Се констатира недостиг од стручен тим кој би работел со полно работно време со сместените корисници во Центарот за бездомни лица, бидејќи времето посветено за стручна работа со нив, од страна на стручните работници од Службата за општините Карпош, Ѓорче Петров и Сарај при ЈУ МЦСР на град Скопје не е доволно за да овозможи нивна ресоцијализација и реинтеграција.

- Стручните работници од месно-надлежните ЦСР недоволно ги посетуваат сместените корисници во Центарот за бездомни лица.

- Речиси кај сите сместени корисници се констатира дека имаат дополнителни здравствени проблеми, односно проблеми со актуелна зависност од алкохол, дрога, психо-соматски или психијатриски нарушувања, како и проблеми кои настануваат заради ризикот старост. Врз основа на тоа се добива сознание дека при сместувањето на корисниците е направена несоодветна проценка, која понатаму резултирала со проблем за промена на видот на услугата, која треба да им се обезбеди.

- Стручните работници од Службата имаат недоволна кадровска, техничка и просторна опременост, која би била во функција за квалитетна стручна работа со овие и другите корисници од системот на социјална заштита, од подрачјето на општините Карпош, Ѓорче Петров и Сарај.

- При спроведеното интервју со стручните работници од Службата се констатираше некомпатибилност во нивните изјави. Имено, сите изјавија дека имаат добра соработка со останатите ЦСР, УСЗ и другите институции при работата со бездомните лица, меѓутоа, понатаму низ разговорот се утврди дека имаат реални проблеми од аспект на несоработка на здравствените установи и старските домови, кои одбиваат да ги примат сместените корисници, кои имаат потреба од нивните услуги.

- Се констатира дека има мала или речиси никаква соработка на стручните работници од ЦСР, со општините и граѓанските организации, кои согласно Законот за социјална заштита имаат надлежност да развиваат услуги од областа

на социјална заштита, вклучувајќи ја и услугата за квалитетно домување за своите сограѓани.

- Со увидот во досиејата се констатираше дека стручните работници од ЦСР немаат речиси никакви активности и информации за децата, кои што се згрижени во Центарот за бездомни лица, како и за нивната вклученост во воспитно-образовниот систем.

## 7. Препораки

- Согласно член 38 од Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давбање на социјалната услуга за привремен престој и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за привремен престој, во Центарот за бездомници потребно е да се вработат социјален работник и психолог, а по потреба и други стручни работници.
  Истите треба да ги применуваат сите методи и техники на стручна работа со корисниците, согласно својот профил, а воедно и да водат евиденција и документација за својата работа со бездомните лица и семејства, согласно актуелните закони и правилници.

- Стручните работници од сите ЦСР кои имаат сместени корисници во Центарот за бездомни лица треба да прават почести посети и да бидат многу повеќе фокусирани за изнаоѓање решенија за побрз излез на сместените корисници од објектот.

- Да се направи репроценка на сместените корисници за можноста да добијат друг вид на услуга, а во иднина да се прават соодветни и подобри проценки за видот на услугата при сместување на лицата со социјални проблеми и ризици.

- Центрите за социјална работа, за сместените бездомни лица, кои имаат возрасни деца, да преземат активности согласно Законот за семејство, со цел децата да ја преземат грижата за своите родители.

- За сите сместени бездомни лица и семејства, за кои постојат сознанија дека имаат блиски сродници, да се направат напори истите да ја преземат грижата за нивните бездомни сродници и притоа да им се помогне со сите расположиви права и услуги, согласно законските можности и надлежности.

- Согласно Правилникот за начинот на остварување на правото на додаток за домување за лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и

без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст, образецот на барањето и потребната документација (Сл. Весникна РМбр:109/2019 од28.05.2019), стручните работници да ја преиспитаат можноста за остварување на правото на домување на оваа популација на лица.

- Да се обезбеди соодветна кадровска, техничка и просторна опременост на стручните работници од Службата за општините Карпош, Ѓорче Петров и Сарај при ЈУ МЦСР на град Скопје, која ќе помогне во унапредување на стручната работа со овие и други корисници во системот на социјална заштита.

- Да се иницира и интензивира соработката со општините и граѓанските организации, со цел да се превенира проблемот од бездомништво, а особено да се интензивираат напорите, овие субјекти да направат реален напредок во надминување на проблемот бездомништво, преку овозможување на квалитетно домување на граѓаните од својата територија.

- Центарот за социјална работа како Орган за старателство има законско право и надлежност да го следи квалитетот на родителското право и одговорност на родителите, кои користат права и услуги во системот на социјална заштита. Согласно оваа законска надлежност, потребно е да го применат механизмот надзор над вршењето на родителското право за сите сместени корисници, кои имаат малолетни деца, со цел за следење на квалитетот на нивните родителски права и одговорности и притоа, да применуваат превентивни и / или рестриктивни мерки, согласно со спецификите на секој одделен случај.

- Да се направат напори за подобрување на условите за сместување во објектот, со цел за обезбедување поквалитетни услови за привремен престој на бездомните лица и семејства и превенирање на здравствено-безбедносните ризици, кои во овој момент претставуваат активен ризик за нив.

Изработено од:
Душанка Петрова, социјален работник
м-р Климентина Спасовска, социолог